ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СТАТУСОТ НА ПЛАНИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД СТАВКА 463-ТРАНСФЕРИ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр.287/21), во Раздел 040.01-Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организации, предвидени се 15.000.000,00 денари.

Во Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.277/19), во член 2, утврдено е дека распределбата на средствата од Буџетот се врши преку грантови за програми (проекти) во приоритетни цели утврдени со Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

Со цел да се обезбеди транспарентен и инклузивен процес на консултации со граѓанските организации за утврдување на приоритетните области за финансиска поддршка, во периодот од 13 до 21.12.2021 година, организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат, преку веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, спроведе консултативен процес со граѓанските организации и согласно препораките од граѓанските организации, подготви Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на 3. седница одржана на 23.12.2021 година, ја разгледа Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година и утврди позитивно мислење, со укажување насловот „активности“ да се замени со „специфични цели“ и да се ревидира и скрати текстот, со преформулирање и бришење на деловите што се повторуваат.

На 24.12.2021 година, новиот текст на Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, заедно со мислењето на Советот бр.32-52/3 од 23.12.2021 година, беше доставен до Владата на Република Северна Македонија, за разгледување и донесување.

Во мислењето бр.09-4654/2 од 29.12.2021 година, Секретаријатот за законодавство укажува дека нема забелешки од формално-правен аспект по текстот на Предлог-програмата, но Министерството за финансии достави негативно мислење бр.08-12183/1 од 11.1.2022 година по Предлог-Програмата, со укажување дека планираните средства во Буџетот се строго наменски, согласно член 23 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година. Според овој член: „Средствата утврдени во Раздел 040.01-Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организаци, се користат по претходно донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија“.

Врз основа на негативното мислење на Министерството за финансии, Генералниот колегиум на државни секретари на Втората (тематска) седница, одржана на 27.1.2022 година, ја симна од Дневен ред Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година.